# совет за етика во медиумите на македонија

17.02.2016г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Марјан Николовски за текстот со наслов "Почина Слободан Чашуле, едно г***о помалце!", објавен на 18.12.2015 година, на Интернет порталот Мактел (www.maktel.mk)**

**Ж А Л Б А Т А  Е  О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 7, 10, 11, 15 и 16.

Член 7.

*"Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја поитува личната болка и жалост."*

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Член 11.

*"Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија (...)."*

Член 15.

*"Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комунакција со јавноста."*

Член 16.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 21.12.2015 година, лицето Марјан Николовски поднесе жалба за текстот со наслов "Почина Слободан Чашуле, едно г***о помалце!", објавен на 18.12.2015 година, на интернет порталот Мактел (www.maktel.mk).

Во жалбата се наведува дека споменатиот текст е полн со говор на омраза и дека "е демонстрација на сквернавење на една смрт, од најдолен вид".

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Мактел, со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Сопственикот на Мактел, Саше Ивановски, достави одговор на наводите на жалителот. Во одговорот тој не ги повлекува наводите во оспорениот текст и вели „не посакуваме ничија смрт, но ако почине и Марјан Николовски во наредниов период и за него ќе го напишеме истото", додавајќи „што не значи дека повикувам на нивно убиство, само давам суд за нечиј придонес за заедницата... Ликовите како Чашуле, Латас, Миленко, Јанко, па и подносителот на оваа жалба се такви г...а смрдени кои му штетат на општеството затоа што му служат и помагаат режим составен од лудаци и криминалци кои го крадат лажат и угнетуваат и упропастуваат народот на оваа земја".

Понатаму, тој вели "такви случаи има повеќе на Запад, но лично бев присутен во САД кога почина религискиот водач Џери Фаулвел и кога во живо на телевизијата Си-Ен-Ен, во емисијата 360 степени на новинарот Андерсон Купер, писателот и колумнист Кристофер Хиченс за него на денот на смртта кажа дека е мала расипана смешна гнида која, за жал, нема да гори во пеколот затоа што пеколот не постои".

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Оттука, Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата за жалби се повика на членот 7 (приватноста на политичките личности и јавните функционери) од Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите, усвоена од Комитетот на министри на 12 февруари 2004 година, на 872-от состанок на претставниците на министрите. Според овој член, приватниот и семејниот живот на политички личности и јавни функционери би требало да бидат заштитени од известување на медиумите, во согласност со член 8 од Конвенцијата. Наспроти тоа, може да бидат објавени информации за нивниот приватен живот кога тоа се од директно значење за јавноста поради начинот на кој тие ги извршувале или ги извршуваат своите фукнции, земајќи ја предвид потребата да се избегне нанесување непотребна штета на трети лица. Во случај кога политички личноси и јавни функционери сами го привлекуваат вниманието на јавноста на поединечни делови на нивнот приватен живот, медиумите имаат право тие делови да ги стават под надѕор.

***

На седницата на 03.02.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Марјан Николовски и направи увид во наведениот текст.

***

Комисијата за жалби најде дека во текстот со наслов "Почина Слободан Чашуле, едно г***о помалце!", објавен на 18.12.2015 година, на Интернет порталот Мактел (www.maktel.mk), е прекршен членот 7 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој, кога известуваат за настани кои предизвикале лични трагедии, болка и шок – новинарите, фоторепортерите и снимателите треба да покажат сочувство, дискреција и обѕир.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во споменатиот текст е прекршен член 10 од Кодексот, според кој етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омразата е неспоив со новинарската етика. Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар) кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза кон некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток, итн.

Понатаму, Комисијата најде дека е прекршен член 11 од Кодексот, според кој новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед или социјалниот статус. Јазикот на новинарите секогаш треба да биде одмерен и неутрален, наспроти оној што нуди готови заклучоци и судови и е или се граничи со говорот на омраза.

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст е прекршен член 15, според кој новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

Комисијата за жалби најде дека во текстот е прекршен и член 16, според кој ниту новинари, ниту уредници не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување на само што го намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива репутацијата на новинарската професија и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

# совет за етика во медиумите на македонија

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Беким Ајдини, Теофил Блажевски и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува Интернет порталот maktel.mk, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595